Друштво за експлоатација на минерални суровини
БЕТОН -ПРО ДОО
Бр. 01-019
03.10 2013 год.
СКОПЈЕ

МАК-ДРИЛ ДОО експорт-импорт
Бр. 03-111
03.10 2013 год.
Кавадарци

# ДОГОВОР ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ДУПЧАЧКИ И МИНЕРСКИ РАБОТИ И НАТОВАР НА МИНИРАН КАМЕН

Склучен помеѓу:

1. Бетон-Про ДОО Скопје, со седиште на Јуриј Гагарин 15, застапуван од Директорот Жикица Младеновски (во натамошниот текст: Нарачател)

2. Мак-Дрил Кавадарци, со седиште на Љубашка 4, Кавадарци, застапуван од Директорот Алексов Тони (во натамошниот текст: Извршител)

## Член 1

Со овој Договор договорните страни ги уредуваат меѓусебните права и обврски што произлегуваат од изведување на дупчачки и минерски радоти на рудник Краста, општина Куманово.

## Член 2

Извршителот за Нарачателт ќе изврши дупчење, минирање и натовар на варовник во рудикот Краста, чиј што концесионер е Нарачателот.

## Член 3

Минираниот камен од рудникот, Извршителот ќе го минира на начин што парчињата од минираниот камен нема да бидат поголеми од димензиите 600мм х 600 мм.
Вака подготвениот камен Изведувачот ќе го натовара со свои машини во камиони на Нарачателот.

## Член 4

Надоместокот за дупчење и минирање на варовникот се утврдува во износ од 36 денари по тон, без вклучен ДДВ.
Цената за натовар на минираниот камен се утврдува во износ од 15 денари по тон без вклучен ДДВ.
За натоварениот камен се изготвува записник, во кој се наведува возилото, датумот и тежината измерена на вагата монтирана на рудникот Краста, кој мора да биде потпишан од претставници на Нарачателот и Изведувачот. Записникот е основ за изготвување на Фактурата од Изведувачот до Нарачателот.
Доставената фактура чиј што прилог се записниците за натовар, ќе се испалти во рок од 45 дена од денот на приемот кај Нарачателот.

Член 5

При изведување на работите предмет на овој Договор, Изведувачот се обврзува дека ќе ги почитува законските прописи кои што го регулираат предметопт на овој Договор, а посебно ќе обрне внимание и на доследно спроведување на прописите од областа на безбедност и здравје при работа.

Член 6

Во случај на спор, договорните страни ќе се обидат истиот да го решат спогодбено, во спротивно ќе решава надлежниот Суд во Скопје.

Член 7

Овој Договор е составен и потпишан во 4 (четири) истоветни примероци, по 2 (два) за секоја договорна страна.

За Нарачателот

За Извршителот

ДОГОВОР
за меѓусебна соработка
склучен на ден
01.02.2013 год. помеѓу:

1.**Бетон-Про ДОО**,Скопје со седиште на ул.Јуриј Гагарин бр.15, Скопје, **ЕДБС МК:4057012518478** и **ЕМБС:6807720** застапувано од Управител **Жикица Младеновски ,** од една страна како нарачател на услугите и

2.Друштво за трговија и услуги **МСС-Мобилен Санитарен Сервис-ДООЕЛ** со седиште на ул. Жданец бр. 19-б Скопје,со **ЕДБС МК:403000244360** и **ЕМБС:5627940** застапуван од Управител **Соња Јаневска** од друга страна како извршител на услуги.

Член 1

Предмет на договорот е поставување и одржување-чистење на една (1)преносна тоалетна кабина на локациите во Камеленом Краста ,кои ќе ги одреди нарачателот на услугите за неопределен период.

Член 2

Нарачателот на услугата, **Бетон-Про ДОО**,Скопје,има обврска на извршителот на услугата **МСС-Мобилен Санитарен Сервис-ДООЕЛ**-Скопје, да му дозволи-определи простор-локации за тоалетните кабини и да обезбеди слободен и непречен пристап за поставување и сервисирање-одржување на истите, со специјално сервисно возило за намената.

Член 3

Нарачателот на услугата, **Бетон-Про ДОО**,Скопје се обврзува да исплати:
-износ од **4.712,00** денари за поставување(лоцирање) на 1(една) тоалетна кабина(еднократно);
-износ од **4.712,00** денари за секој извршен сервис на 1(една) тоалетна кабина;
-износ од **62,00** денари за дневното изнајмување од 1(една) тоалетна кабина;
-износ од **4.712,00**денари за подигнување(дислоцирање) на 1(една)тоалетната кабина(еднократно).
(во износот на поставувањето,подигнувањето и сервисот не е вклучен ДДВ 5% и во износот на изнајмување не е вклучен ДДВ 18%).

Износот во целост вирмански да се исплати по доставувањето на фактурата за извршена услуга од страна на ДТУ **МСС-Мобилен Санитарен Сервис ДООЕЛ Скопје,** до наведениот рок на плаќање во фактурата.
Доколку нарачателот на услугата **Бетон-Про ДОО**,Скопје не обезбеди слободен и непречен пристап до тоалетните кабини заради нивно сервисирање-одржување, има обврска во целост да ја исплати договорената сума како услугата да е извршена.

Член 4

Секој дополнителен сервис-одржување на тоалетната кабина по барање на нарачателот на услугата кој не е вклучен во договорената сума од чл. 3 ст. 1 од овој договор, извршителот има обврска да ја изврши навремено и да ја наплати согласно поединечните суми наведени во член 3 од овој договор.
Во случај на откажување на сервисирање-одржување по вина на нарачателот, а извршителот пристапил кон извршување на услугата договорената сума не се менува и истата ќе биде наплатена.

Член 5

Договорената сума нарачателот на услугата ќе ја исплати по доставување на фактура за извршена услуга од страна на извршителот на услугата **МСС-Мобилен Санитарен Сервис-ДООЕЛ** Скопје, до наведениот рок за плаќање на фактур

Член 6

Нарачателот на услугата се обврзува по истекот на договорот да ги врати тоалетните кабини во состојбата во која ги примил. Доколку настане механичко оштетување на преносните тоалетни кабини трошоците за нивно санирање се на товар на нарачателот.
Вредноста на една тоалетна кабина изнесува 60.000,00ден (сумата е без вклучен ДДВ18%).

Член 7

За секое недоразбирање, промена или рекламација на услугата нарачателот се обврзува писмено да го извести извршителот **МСС-Мобилен Санитарен Сервис-ДООЕЛ**,Скопје најдоцна во рок од 2 дена од настанатиот проблем или одлука. Договорот е полноважен и обврзувачки за двете договорни странки од денот на неговото потпишување, без можност за еднострано раскинување на истиот.

Член 8

За секоја промена на овој договор ќе се состави анекс договор.
Договорот е склучен во четири истоветни примероци од кои по два за секоја договорна странка.

Член 9

Во случај на спор, надлежен е основниот Суд Скопје 2-Скопје

**Бетон-Про ДОО**,Скопје
Управител

ЖИКИЦА МЛАДЕНОВСКИ

**ДТУ МСС-ДООЕЛ**- Скопје
Управител

СОЊА ЈАНЕВСКА

Друштво за експлоатација на минерални суровини
БЕТОН -ПРО ДОО
Бр. 01-889
21.02.2013 год.
СКОПЈЕ

Јавно Претпријатие ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛО
Ndermarrja Publike PASTRIMI DHE GJELBERIMI
Бр.Nr. 03 - 218
21.02.13
КУМАНОВО-KUMANOVE

# ДОГОВОР

За собирање и депонирање на смет склучен на ден 21..02.2013 год

**КОРИСНИК НА УСЛУГА** БЕТОН - ПРО ДОО со седиште на ул. Јуриј Гагарин број 15 - Скопје преставувано од управител Младеновски Жикица од една страна и

**ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА**: ЈП **"Чистота и зеленило"**, NP "Pastrimi dhe gjelberimi" Куманово претставувано од директорот дипл.маш. инж.Сашо Петрушевски, од друга страна.

**ПРЕДМЕТ**: Подигање и изнесување на смет

**член – 1**

Давателот на услуга се обврзува да врши изнесување на смет од контејнер од 1 М3 по цена од 250 денари, без ддв .

Услугата ке се врши на повик од каменолом лициран во м.в.Краста во с.Пчиња

Плаќање ке се врши по доставување на фактура, од страна на давател на услуга.

**член – 2**

Овој договор е со важност до негово раскинување.

**член – 3**

Во случај на спор во врска со овој договор, надлежен е Основен суд Куманово.

**член – 4**

Договорот е направен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) на договорните страни.

**Договорни страни:**

**Корисник на услуга**

**Младеновски Жикица**

Друштво за експлоатација на минерални суровини БЕТОН-ПРО ДОО СКОПЈЕ

**Давател на услуга**

**Директор,**

**Дипл.маш.инж.Петрушевски Сашо**

Јавно Претпријатие Ndermarrja Publike ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛО PASTRIMI DHE GJELBERIMI Куманово-Kumanove

Јавно претпријатие ВОДОВОД ц.о.
Ndermarrja publike VODOVOD c.o.
Бр. Nr. 03-496/1
21.02. 2013 од viti
KUMANOVO - KUMANOVË

Друштво за експлоатација на минерални суровини
БЕТОН-ПРО ДОО
Бр. 01-008
21.02. 2013 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

Склучен помеѓу:

ЈП Водовод Куманово,со седиште на ул.Фетка Наскова бр.22 во Куманово од една страна и
БЕТОН-ПРО ДОО Скопје,со седиште на ул.Јуриј Гагарин бр.15 во Скопје од друга страна.

Член 1

ЈП Водовод Куманово се обврзува да на БЕТОН-ПРО ДОО Скопје му ја чисти септичката јама со цистерна во каменолом во с.Пчиња.

Член 2

Вредност на услугата изнесува 6.000,00 денари без ДДВ за една цистерна.
БЕТОН-ПРО ДОО Скопје се обврзува извршената услуга да ја плаќа веднаш по доставување на фактурите.

Член 3

Доколку ЈП Водовод не е во можност да ја изврши услугата (дефект на цистерна,или други причини за тоа ќе ја извести БЕТОН-ПРО ДОО Скопје,а услугата ќе ја изврши во најкус можен рок.

Член 4

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорените страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Куманово.

Член 5

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднакви примероци од кои по два за секоја договорена страна.

ЈП Водовод Куманово
ВД Директор
Виктор Божиновски

БЕТОН-ПРО ДОО
Управител
Жикица Младеновски